Република Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

# ОГЛАСИ

Управата за јавни приходи - Дирекција за големи даночни обврзници врз основа на член 151 од Законот за даночна постапка („Службен весник на РМ“, бр.13/06...133/09) донесува

## ЗАКЛУЧОК
## за продажба на движни предмети по пат на усна јавна аукција

Се продаваат по пат на усна јавна аукција движните предмети сопственост на Вардар АДГ Пелагонија и тоа:

| Ред. бр. | Вид/Марка | Регистарски таблички | Цена | Локација |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Финишер Марини** | / | 220.000,00 | Ул.Првомајска број 23 Скопје |
| 2 | **Лансирна решетка за мостови 100/38** | / | 4.500.000,00 | Ул.Првомајска број 23 Скопје |
| 3 | **Опрема за лансирна решетка (мотори и сајли)** | / | 700.000,00 | Ул.Првомајска број 23 Скопје |
| 4 | **Апарат за заварување** | 60001 | 22.000,00 | Ул.Првомајска број 23 Скопје |
| 5 | **Полуприколка Утва** | СК-845-НУ | 90.000,00 | Ул.Првомајска број 23 Скопје |

Во цената на предметите не се вклучени дополнителни давачки и ДДВ. Трошоците за пренос на движните предмети паѓаат на товар на купувачот.
Предметите наведени во заклучокот за продажба на движен имот се продаваат на принципот видено-купено, без никакви дополнителни рекламации.
Јавната аукција ќе се одржи на ден петок/29 октомври 2010 година во просториите на Управата за јавни приходи - Дирекција за големи даночни обврзници ул.12-Ударна бригада бр.2а Скопје со почеток во 12 часот.
Движните предмети ќе може да се разгледаат во гаражите на Вардар АДГ Пелагонија на ул.Првомајска бр.23 Скопје на ден понеделник/25 октомври 2010 година од 14,30 до 15,30 часот.
Лицата заинтересирани за купување на движните предмети ќе можат да учествуваат на усната јавна аукција доколку уплатат депозит во висина од 10% од утврдената почетна вредност на движниот предмет. Депозитот се уплаќа на трезорска сметка број 100000000063095, депозитна (наменска) сметка број 090051567969610, со приходна шифра 725939 програм 20.
Купувачот на движниот предмет мора да го уплати износот за кој движноста му е продадена, во рок од осум дена од денот на заклучувањето на усната јавна аукција, во спротивно продажбата со решение се огласува за неважечка, а купувачот го губи правото на поврат на депонираниот депозит.

Управата за јавни приходи - Регионална дирекција Битола, врз основа на член 151 и 155 од Законот за даночна постапка („Службен весник на РМ”, број 13/2006...133/09) објавува

## ЗАКЛУЧОК
## за продажба на движни ствари по пат на усна јавна аукција, заради присилна наплата на достасани, а ненаплатени даноци

Се продава по пат на усна јавна аукција моторно возило сопственост на даночниот должник ТЕОЛИ ИНВЕСТИЦИИ ДООЕЛ ОХРИД од Охрид ЕДБ 4020004137880 и тоа:

| Опис | Количина | Почетна вредност (во денари) | Вкупна почетна вредност (во денари без ДДВ) |
|---|---|---|---|
| **Патничко возило ФОРД МОНДЕО 1,6 ТНГ произведено 1999 година** | **1** | **200.660,00** | **200.660,00** |

Во цената на возилото не се вклучени дополнителни давачки и ДДВ и истите се на товар на купувачот.
Јавната усна аукција ќе се одржи на ден 29.10.2010/петок во 11,00 часот во просториите на Управата за јавни приходи - Регионална дирекција Битола, ул. Борис Кидрич бр.24а.
Возилото може да се види на ден 28.10.2010/четврток, од 10,00 до 14,00 часот во с.Велгошти во кругот на ТЕОЛИ ИНВЕСТИЦИИ ДООЕЛ ОХРИД.
Право на учество на јавната усна аукција имаат сите правни и физички лица.
Лицата заинтересирани за купување на возилото ќе може да учествуваат на јавната усна аукција доколку депонираат депозит во висина на 10% од утврдената почетна цена најдоцна до денот на одржување на јавната усна аукција на трезорската сметка Министерство за финансии 100000000063095, депозитна сметка на Управата за јавни приходи Скопје 0900515679 - 696 - 10, приходна шифра 725939 програма 20.
Возилото се продава по системот видено-купено. Дополнителни рекламации не се примаат.
Аукцијата се заклучува по истекот на 3 минути непосредно по ставањето на најповолната понуда.
Купеното возило се презема веднаш. Транспортните трошоци паѓаат на товар на купувачот.
Купувачот е должен да го уплати износот веднаш по завршувањето на јавната усна аукција по намалување на депозитот. Во спротивно продажбата со решение се огласува за неважечка, а купувачот го губи правото на поврат на депонираниот депозит. На понудувачите чија понуда не е прифатена депозитот им се враќа по заклучување на аукцијата.

Управата за јавни приходи - Дирекција за големи даночни обврзници врз основа на член 151 од Законот за даночна постапка („Службен весник на РМ“, бр.13/06...133/09) донесува

## ЗАКЛУЧОК
## за продажба на движен предмет по пат на усна јавна аукција

Се продаваат по пат на усна јавна аукција движните предмети-возила сопственост на М и А Беверицис д.о.о.е.л. експорт-импорт Скопје ЕДБ 4030990107875 и тоа:

| Ред. бр. | Регистарски таблички | Марка | Тип | Година на производство | Проценета вредност (денари) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | SK-928-PN | **Peugeot** | BOXER 2.8 HDI | 2006 | 800.000,00 |
| 2 | SK-931-PN | **Peugeot** | BOXER 2.2HDI | 2006 | 800.000,00 |
| 3 | SK-933-PN | **Peugeot** | BOXER 2.8 HDI | 2006 | 800.000,00 |
| 4 | SK-363-PJ | **SMART** | SMART PASSION | 2001 | 300.000,00 |
| 5 | SK-932-PN | **Peugeot** | BOXER 2.8 HDI | 2006 | 800.000,00 |
| 6 | SK-927-PN | **Peugeot** | BOXER 2.8 HDI | 2006 | 800.000,00 |
| 7 | SK-213-SB | **MAN** | 8 163LC33 | 1999 | 1.000.000,00 |
| 8 | SK-804-RF | **FRUEHAUF** | A 3671 | 1991 | 350.000,00 |
| 9 | SK-808-RF | **TRAILER** | S 383 EL 1A | 1988 | 350.000,00 |

Во цената на движните предмети-возила не се вклучени дополнителни давачки и ДДВ.
Трошоците за пренос на движните предмети паѓаат на товар на купувачот.
Возилата наведени во заклучокот за продажба на движен имот се продаваат на принципот видено-купено, без никакви дополнителни рекламации.
Јавната аукција ќе се одржи на ден петок 29/10/2010 година во просториите на Управата за јавни приходи - Дирекција за големи даночни обврзници ул.12-Ударна бригада бр. 2а Скопје со почеток во 12 часот.
Движните предмети од реден број 1 до 7 може да се разгледаат на ул. Љубљанска бб Скопје, со почеток од 10 до 11 часот а движните предмети од реден број 8 и 9 на ул.Новопроектирана бб Скопје, со почеток од 13 до 14 часот на ден среда 27/10/2010 година.
Лицата заинтересирани за купување на движните предмети ќе можат да учествуваат на усната јавна аукција доколку уплатат депозит во висина од 10% од утврдената почетна вредност на движниот предмет. Депозитот се уплаќа на трезорска сметка број 100000000063095, депозитна (наменска) сметка број 090051567969610, со приходна шифра 725939 програм 20.
Купувачот на движниот предмет мора да го уплати износот за кој движноста му е продадена, во рок од осум дена од денот на заклучувањето на усната јавна аукција, во спротивно продажбата со решение се огласува за неважечка, а купувачот го губи правотот на поврат на депонираниот депозит.

Управата за јавни приходи - Дирекција за големи даночни обврзници врз основа на член 151 од Законот за даночна постапка („Службен весник на РМ“, бр. 13/06...133/09) донесува

## ЗАКЛУЧОК
## за продажба на движен предмет по пат на усна јавна аукција

Се продаваат по пат на усна јавна аукција движните предмети сопственост на АД ФКН Неготино ЕДБ 4019965104515 и тоа :

| Ред. бр. | Опис на производот | Тип | Година на произв. | Количина (метри) | Проценета вредност (денари) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Кабел | TK33-U 10x4x0,6 | 2008 | 18702 | 1,661,180.00 |
| 2 | Кабел | TK33-U 20x4x0,6 | 2008 | 4.380 | 532,155.00 |
| 3 | Кабел | TK33-U 25x4x0,6 | 2008 | 3.347 | 579,198.00 |
| 4 | Кабел | TK33-U 10x4x0,8 | 2008 | 960 | 136,115.00 |
| 5 | Кабел | TK33-U 15x4x0,8 | 2008 | 640 | 121,148.00 |
| 6 | Кабел | TK33-U 20x4x0,8 | 2008 | 1.111 | 267,241.00 |
| 7 | Кабел | TK33-U 25x4x0,8 | 2008 | 780 | 232,423.00 |
| 8 | Кабел | TK33-U 30x4x0,8 | 2008 | 2.114 | 750,574.00 |
| 9 | Кабел | TK33-AP 10x4x0,6 | 2007 | 680 | 47,061.00 |
| 10 | Кабел | TK33-AP 5x4x0,8 | 2008 | 468 | 31,643.00 |
| 11 | Кабел | TK39M 3x4x0,6 | 2008 | 5.540 | 198,327.00 |
| 12 | Кабел | TK39M 5x4x0,8 | 2008 | 211 | 17,564.00 |
| 13 | Кабел | TK59M 5x4x0,4 | 2008 | 852 | 25,382.00 |
| 14 | Кабел | TK59M 3x4x0,6 | 2008 | 925 | 30,846.00 |
| 15 | Кабел | TK59M 5x4x0,6 | 2008 | 748 | 37,278.00 |
| 16 | Кабел | N2XSEY 3x185RM/25 10 KV | 2009 | 413 | 1,103,411.00 |
| 17 | Кабел | NA2XS(F)2Y 1x185/25 20 KV | 2009 | 2.028 | 662,482.00 |
| 18 | Кабел | X00-A 4x70 | 2009 | 1.022 | 158,688.00 |
| 19 | Кабел | H05VV-F 2x 1,5 | 2009 | 4.313 | 63,188.00 |
| 20 | Кабел | H05VV-F 3x 1,0 | 2009 | 33.127 | 475,180.00 |
| 21 | Кабел | H05VV-F 3x 1,5 | 2009 | 49.427 | 1,021,067.00 |
| 22 | Кабел | H05VV-F 4 x 0,75 | 2009 | 3.050 | 43,375.00 |
| 23 | Кабел | H05VV-F 4 x 1,0 | 2009 | 1.684 | 31,588.00 |
| 24 | Кабел | H05VV-F 4 x 1,5 | 2009 | 395 | 10,678.00 |
| 25 | Кабел | H05VV-F 5 x 1,0 | 2009 | 9.946 | 232,291.00 |
| 26 | Кабел | H05VV-F 2 x 1,0 | 2009 | 19.746 | 204,562.00 |
| 27 | Кабел | H05VV-F 2 x 0,75 | 2009 | 2.481 | 20,075.00 |
| 28 | Кабел | H05VV-F 3 x 0,75 | 2009 | 3.943 | 43,748.00 |
| 29 | Кабел | H05VV-F 5 x 0,75 | 2009 | 7.514 | 134,958.00 |
| 30 | Кабел | H05VV-F 5 x 2,5 | 2009 | 20 | 1,055.00 |
| 31 | Кабел | H05VV-F 5 x 1,5 | 2009 | 50 | 1,691.00 |
| 32 | Кабел | H03VV-F 3 x 0,75 | 2009 | 2.109 | 21,719.00 |
| 33 | Кабел | H03VV-F 2 x 0,75 | 2009 | 1.271 | 9,349.00 |
| 34 | Кабел | H03VV-F 4 x 0,75 | 2009 | 150 | 2,032.00 |
| 35 | Кабел | H07V-U 1 x 1,5 | 2009 | 5.975 | 35,894.00 |
| 36 | Кабел | H07V-R 1 x 25 | 2009 | 2.950 | 287,346.00 |
| 37 | Кабел | NYIFY-0 2 x 25 | 2009 | 18.433 | 398,869.00 |
| 38 | Кабел | H07V-K 1 x 1,5 | 2009 | 77.000 | 453,129.00 |
| 39 | Кабел | H05V-K 1 x 0,75 | 2009 | 148.200 | 445,148.00 |
| 40 | Кабел | H07V-K 1 x 2,5 | 2009 | 81.700 | 766,256.00 |
| 41 | Кабел | H03VV-F 4 x 0,50 | 2009 | 8.260 | 61,266.00 |
| 42 | Кабел | H07V-U 1 x 4 | 2009 | 3.616 | 54,971.00 |
| 43 | Кабел | H07V-U 1 x 10 | 2009 | 1.195 | 45,050.00 |
| 44 | Кабел | NYIFY-J 3 x 1,5 | 2009 | 3.139 | 64,268.00 |
| 45 | Кабел | LiYCY 4 x 0,14 | 2009 | 24.760 | 194,276.00 |
| 46 | Кабел (кг) | AL-CE 150/25 | 2009 | 1.330 | 171,210.00 |
| 47 | Кабел (кг) | AL-CE 360/57 | 2009 | 793 | 102,082.00 |
| | | | | **ВКУПНО** | **11,989,037.00** |

Во цената на предметите не се вклучени дополнителни давачки и ДДВ. Трошоците за пренос на движните предмети паѓаат на товар на купувачот.
Предметите наведени во заклучокот за продажба на движен имот се продаваат на принципот видено-купено, без никакви дополнителни рекламации.
Јавната аукција ќе се одржи на ден петок 29/10/2010 година во просториите на Управата за јавни приходи - Дирекција за големи даночни обврзници ул.12-Ударна бригада бр.2а Скопје со почеток во 11 часот.
Движните предмети може да се разгледат на ден вторник 26/10/2010 година од 11 до 13 часот во седиштето на АД ФКН Неготино, ул.Индустриска зона бб Неготино.
Лицата заинтересирани за купување на движните предмети ќе можат да учествуваат на усната јавна аукција доколку уплатат депозит во висина од 10% од утврдената почетна вредност на движниот предмет. Депозитот се уплаќа на трезорска сметка број 100000000063095, депозитна (наменска) сметка број 090051567969610, со приходна шифра 725939 програм 20.
Купувачот на движниот предмет мора да го уплати износот за кој движноста му е продадена, во рок од осум дена од денот на заклучувањето на усната јавна аукција, во спротивно продажбата со решение се огласува за неважечка, а купувачот го губи правотот на поврат на депонираниот депозит.

Врз основа на член 151 став 5 од Законот за даночна постапка („Службен весник на РМ“, бр.159/08, Управа за јавни приходи - Регионална дирекција Скопје донесува

## З А К Л У Ч О К
## за слободна (комерцијална) продажба

СЕ ОПРЕДЕЛУВА продажба по пат на слободна (комерцијална) продажба на движните предмети – **машина за жица комад 2**, попишани и запленети во присилна наплата што се води спрема даночниот должник КУПРУМ АД со ЕДБ 4030974271525.
Сите заинтертесирани лица да достават понуди со дознака НЕ ОТВАРАЈ до Управа за јавни приходи Регионална дирекција Скопје ул. 11 Октомври бр.27 Скопје, најдоцна до 28.10.2010 година.
Слободната продажба ќе се одржи во просториите на Управата за јавни приходи - Регионална дирекција Скопје што се наоѓа на ул. 11 Октомври бр.27 на ден 29.10.2010 година со почеток во 11,00 часот.

### Образложение

Од даночниот должник КУПРУМ АД од Скопје со ЕДБ 4030974271525 во присилна наплата на даночен долг по решение бр.16-2390/4 од 15,03,2004 година за присилна наплата на даночен долг од движни предмети, попишани и запленети се движни предмети како во диспозитивот.
Бидејќи по одржаните две јавни аукции останаа непродадени горе наведените движни предмети, согласно член 151 став 5 од Законот се пристапи кон слободна (комерцијална) продажба.

Управата за јавни приходи - Регионална дирекција Скопје, врз основа на член 151 и 155 од Законот за даночна постапка („Службен весник на РМ“, бр.13/2006...88/08) објавува

## З А К Л У Ч О К
## за продажба на недвижност по пат на втора усна јавна аукција

Се продава по пат на втора усна јавна аукција недвижноста сопственост на даночниот должник ЖИТО СКОПЈЕ Скопје означена како:

- **Деловен објект запишан во имотен лист бр.1044 за КО Гази Баба , К.П 1965 на в.м.,,357,, со вкупна површина од 2729м2.**
  **Почетна цена на недвижноста изнесува 111.792.018,00 денари.**

Во цената на предметот не се вклучени дополнителни давачки и ДДВ.
Јавната усна аукција ќе се одржи на ден 29.10.2010 година во 11 часот во просториите на Управата за јавни приходи - Регионална дирекција Скопје на ул.11 Октомври бр.27 Скопје.
Право на учество на јавната усна аукција имаат сите правни и физички лица.
Лицата заинтересирани за купување на недвижноста ќе може да учествуваат на јавната усна аукција доколку депонираат депозит во висина на 10% од утврдената почетна цена најдоцна до денот на одржување на јавната усна аукција на трезорската сметка Министерство за финансии 10000000063095, депозитна сметка на Управата за јавни приходи Скопје 0900515679-696-10, приходна шифра 725939 програма 20.
Учесниците заинтересирани за недвижноста гаранцијата треба да ја уплатат ден пред одржувањето на аукцијата, односно на ден 28.10.2010 година.
Разгледувањето на објектите ќе се врши на ден 28.10.2010 година од 9 до 12 часот.
Аукцијата се заклучува по истекот на 3 минути непосредно по ставањето на најповолната понуда.
Најповолниот купувач е должен да ја уплати купопродажната цена во рок од 8 дена од денот на заклучувањето на јавната аукција по намалување на депозитот, во спротивно продажбата со решение се огласува за неважечка, а купувачот го губи правото на поврат на депонираниот депозит. На понудувачите чија понуда не е прифатена депозитот им се враќа по заклучувањето на аукцијата.
По извршената уплата на износот за кој недвижноста е продадена на усна јавна аукција, Управата за јавни приходи донесува Решение за предавање на недвижноста на купувачот.

Врз основа на член 151 став 5 од Законот за даночна постапка („Службен весник на РМ“ бр.159/08), Управата за јавни приходи - Регионална дирекција Штип донесува

## З А К Л У Ч О К
## за слободна (комерцијална) продажба

СЕ ОПРЕДЕЛУВА продажба по пат на слободна (комерцијална) продажба на движните предмети **Виљушкар ИНДОС ДХ-40, Работна маса Борверг и Приколка за транспорт на елективни столбов,** попишани и запленети во присилна наплата што се води спрема на даночниот должник МАК МЕТАЛ Д.О.О.Е.Л. увоз-извоз со седиште на адреса ул.Климент Охридски бр.105, Струмица и ЕДБ 4027006150195.
Сите заинтересирани лица да достават понуди со дознака “НЕ ОТВАРАЈ“ до Управа за јавни приходи - Даночно одделение Струмица,ул. Ленинова б.б., Струмица, најдоцна до 26.10.2010 година.
Слободната продажба ќе се одржи во просториите на Управа за јавни приходи на ден 28.10.2010 година со почеток во 11 часот.

### Образложение

Од даночниот должник МАК МЕТАЛ Д.О.О.Е.Л. увоз-извоз со седиште на адреса ул. Климент Охридски бр.105, Струмица и ЕДБ 4027006150195 во присилна наплата на даночен долг по Решение 2115-2464/264-4 за присилна наплата на даночен долг од движни предмети, попишани и запленети се движни предмети како во диспозитивот.
Бидејќи по одржанита јавна аукција остана непродаден горенаведениот движен имот, согласно чл. 151 ст. 5 од Законот за даночна постапка се пристапи кон слободна (комерцијална) продажба.

Врз основа на член 151 став 5 од Законот за даночна постапка („Службен весник на РМ“, бр.159/08, Управа за јавни приходи - Регионална дирекција Скопје донесува

## З А К Л У Ч О К
## за слободна (комерцијална) продажба

СЕ ОПРЕДЕЛУВА продажба по пат на слободна (комерцијална) продажба на движните предмети:

1. Покер Апарати - комад/парчиња - 12,
2. Цилиндри за рулет - комад/парчиња - 10,
3. Маси за цилиндри за рулет - комад/парчиња - 3,
4. Маси за блек џек - комад/парчиња - 5,
5. Електронски сеф - комад/парчиња -2,
6. Идентификатор за пари - комад/парчиња - 1;

попишани и запленети во присилна наплата што се води спрема даночниот должник **ДУДИН-Т Доо** Скопје.
Сите заинтертесирани лица да достават понуди со дознака НЕ ОТВАРАЈ до Управа за јавни приходи Регионална дирекција Скопје ул.11 Октомври бр.27, најдоцна до 28.10.2010 година.
Слободната продажба ќе се одржи во просториите на Управата за јавни приходи - Регионална дирекција Скопје што се наоѓа на ул.11 Октомври бр.27 на ден 29.04.2010 година со почеток во 11,00 часот.

### Образложение

Од даночниот должник **ДУДИН-Т Доо** од Скопје во присилна наплата на даночен долг по решение бр.21/68 од 06.03.2008 година за присилна наплата на даночен долг од движни предмети, попишани и запленети се движни предмети како во диспозитивот.
Бидејќи по одржаните две јавни аукции останаа непродадени горе наведените движни предмети, согласно член 151 став 5 од Законот се пристапи кон слободна (комерцијална) продажба.